**20081432919**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 ноември 2008 година.

Бр. 07-4943/1
11 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Член 1

Во Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија” број 68/2004, 71/2004, 107/2007 и 102/2008), во членот 10 став (2) точката се брише и се додаваат зборовите: “односно во регионот во кој е произведен“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Регионалното управување со отпадот се обезбедува со донесување, развој и примена на стратешки и плански документи. “

Член 2

По членот 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

„Член 12-а

Начело на одговорност на произведувачот

Произведувачот или увозникот на производи и пакувања кои на крајот на животниот циклус на производите кои ги произведуваат, односно увезуваат создаваат отпад кој ја оптоварува животната средина се одговорни за управувањето со отпадот кој настанува како резултат на нивните дејности.“

Член 3

Членот 32 се менува и гласи:

"Дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад

(1) Правните и физичките лица кои вршат складирање, третман и/или преработка на отпад задолжително треба да поседуваат дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад.

(2) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член за да можат да ја вршат дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад мора да ги исполнуваат минимално-техничките услови во поглед на потребната инсталација и опрема за складирање, третман и/или преработка на отпад, негово идентификување и системот за следење на отпадот.

(3) Субјектите од ставот (1) на овој член поднесуваат писмено барање за добивање дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или за преработка на отпад до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, за временски период што не може да биде подолг од 15 години.

(5) Доколу дојде до промена на минимално-техничките услови утврдени со дозволата од ставот (1) на овој член, правните и физичките лица се должни да поднесат барање за промена на дозволата.

(6) Барањето за промена на дозволата мора да се поднесе најдоцна во рок од два месеца, од моментот на настанување на промените од ставот (5) на овој член.

(7) Барање за обновување на дозволата мора да се поднесе во рок од најдоцна два месеца пред истекување на важноста на дозволата.

(8) Против решението со коешто се одбива барањето за добивање на дозволата од ставот (1) на овој член, барателот може да поднесе жалба до комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од областа на животната средина во рок од 30 дена од денот на добивањето на решението.

(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува минималните технички услови за вршење на дејноста од ставот (2) на овој член, формата и содржината на образецот на барањето за добивање, промена и обновување на дозвола за преработка, третман и/или за складирање на отпад, како и формата и содржината на образецот на дозволата."

Член 4

Во членот 32-а по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:

"(10) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се должни да поставаат видео надзор на местото на прием на отпад, како и на други места на локацијата или објектите преку кои ќе се забележува приемот, ракувањето и чувањето на отпадот.

(11) Податоците од видео надзорот од ставот (10) на овој член, правните и физичките лица се должни да ги чуваат најмалку шест месеца."

Ставот (10) станува став (12), а во ставот (11) кој станува став (13) бројот "10" се заменува со бројот "12".

Член 5

Во членот 39 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) При извоз на отпад, правните и физичките лица кои го вршат транспортот на отпад се должни, копија од идентификациониот и транспортниот формулар при излезот на отпадот од територијата на Република Македонија да го доставаат до органот надлежен за вршење на царинските работи, кој е должен транспортниот формулар да го завери.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член органот надлежен за вршење на марински работи е должен копија од идентификациониот и заверениот транспортен формулар да ги достави до надлежениот орган за вршење на стручни работи во животната средина. “

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12).

Член 6

Во членот 41 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “согласно со овој и друг закон“.

Ставот (2) се брише.

Член 7

Во членот 43 став (9) зборовите: “по исклучок од став (4) на овој член“ се бришат.

Член 8

Во членот 44 ставот (4) се брише.

Член 9

Во членот 46 став (2) по зборот “собирање“ зборовите: “и за“ се заменуваат со запирка, а по зборот “транспортирање“ се додаваат зборовите: “и/или третман“.

Во ставот (4) по зборот “собирањето“ сврзникот “и“ се заменува со запирка, а по зборот “транспортирањето“ се додаваат зборовите: “и /или третманот“.

Во ставот (5) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “како и дозвола согласно член 32 од овој закон”.

Во ставот (11) по зборот “собирање“ сврзникот “и“ се заменува со запирка, а по зборот “транспорт“ се додаваат зборовите: “и /или третман“.

Член 10

Во членот 49 став (4) по зборовите: “систем за“ се додаваат зборовите: “собирање и“.

Член 11

Во членот 50 став (4) зборовите: “за складирање“ се заменуваат со зборовите: “за повратен прием“.

Во ставот (5) зборовите: “откуп и“ се заменуваат со зборовите: “собирање и за“.

Член 12

Насловот пред и членот 51 се менуваат и гласат:

"Дозвола за основање на систем за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакувања

(1) Правните и физичките лица кои сакаат да основаат систем за собирање и за повратен прием на одредени искористени производи и пакувања треба да поседуваат дозвола која се издава под услови и на начин определени со овој и друг  закон.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, врз основа на писмено барање на правните и физичките лица од ставот (1) на овој член кое  особено содржи:

1) идентификација на барателот - податоци името/назив и седиштето;

2) регистрација за дејност на собирање и/или постапување со отпад;

3) видот на искористените производи и на пакувањата со коишто ќе се постапува во системот и

4) временскиот период за кој се бара дозволата.

(3) Со барањето од ставот (2) на овој член правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се должни да достават:

1) програма за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакувања;

2) доказ за исполнетост на организационо-техничките услови за вршење на дејноста согласно со овој и друг закон;

3) податоци за системот за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакување самостојно, или заедно со други подизведувачи и/или увозници кои поседуваат средства и опрема, постројки и уреди кои ги исполнуваат пропишаните услови и обезбедуваат постапување со отпад во согласност со овој и друг закон и

4) доказ дека самостојно, или заедно со подизведувачи и/или увозници има обезбедено услови за преработка и отстранување на отпад во согласност со закон и други прописи.

(4) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава за временски период кој не може да биде подолг од десет години.

(5) Покрај документите од ставот (3) на овој член, а во зависност од видот на искористените производи и пакувања за кои се бара дозволата од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може по потреба да побара барателот да достави и други дополнителни податоци согласно со овој и друг закон.

(6) Доколку дојде до промена на податоците утврдени со дозволата од ставот (1) на овој член, правните и физичките лица се должни да поднесат барање за промена на дозволата.

(7) Барање за промена на дозволата мора да се поднесе најдоцна во рок од два месеца од моментот на настанување на промените утврдени во ставот (6) на овој член.

(8) Барање за обновување на дозволата мора да се поднесе во рок од најдоцна два месеца пред истекување на важноста на дозволата.

(9) Надлежниот орган за вршење на стручни работи во животната средина води евиденција за издадените дозволи.“

Член 13

Во членот 62 став (1) точка 2 по зборот “третман” се додаваат зборовите: “и преработка”.

Член 14

Во членот 71-а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: “освен во количини или нивно процентуално учество согласно прописот од членот 71-б став (8) на овој закон“.

Член 15

Во членот 71-б став (7) зборовите: “органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: “надлежен органот за вршење на стручни работи во животната средина“.

Член 16

Во членот 72 став (2) по зборовите: “е должен“ се додаваат зборовите: “да води и да чува евиденција за сите произведени и/или увезени и пуштени во промет возила, како и“.

Во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “освен во количини или нивно процентуално учество согласно прописот од ставот (9) на овој член“.

Во ставот (6) алинеја 4 зборовите: “произведените/ увезени и пуштени во промет возила како и за “ се бришат.

Во ставот (7) по зборот “став“ се додава бројот “(2) и“.

Член 17

Во членот 73 ставот (3) се брише.

Член 18

Во членот 80 став (8) по зборот “опфат“ се додаваат зборовите: “односно кон договорот од ставот (4) на овој член да приклучи и други општини, како и да ги прошири дејностите за постапување со отпад“.

Во ставот (11) зборовите: “договорите од ставовите (5) и (6)“ се заменуваат со зборовите: “договор од ставот (4)“.

Ставот (12) се менува и гласи:

“Заради заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето, доколку општините или градот Скоје не се согласат, или не основаат депонија за неопасен или инертен отпад во согласност со ставот (4) на овој член, Владата на Република Македонија може да основа депонија во согласност со Планот на Република Македонија за управување со отпад од членот 17 на овој закон, или да го довери основањето на депонија за неопасен или инертен отпад на домашно и/или странско правно лице согласно со Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.“

Член 19

Во членот 82 став (1) точка 1 на крајот на реченицата сврзникот “и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 2 точката се заменува со сврзникот “и“ и се додава нова точка 3, која гласи:

„3) две или повеќе општини и/или градот Скопје преку основање на заедничко јавно претпријатие или други јавни служби во согласност со закон.“

Член 20

Во членот 87 став (3) зборот “одобрение“ се заменува со зборот “согласност“.

Член 21

Во членот 94 ставот (4) се менува и гласи:

„Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува граничните вредности за емисии на одредени супстанции во воздух при горење или согорување на отпадот, гранични вредности за емисија за исфрлање отпадна вода од чистењето на издувните гасови, техники, методи и динамика за мерења и следење на емисиите на супстанциите во воздухот и водата што се создаваат при горење или согорување на отпад, како и начинот и временските рокови за постигнување на граничните вредности за емисии на супстанциите во воздухот и водата.“

Член 22

Во членот 99 ставот (5) се менува и гласи:

„Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува условите и начинот на работа на инсталциите за горење или согорување на отпадот, минималните технички средства и опрема за горење или согорување на отпадот, како и постапките за прием и испорака на отпадот.“

Член 23

Во членот 100 став (1) точка 1 зборот “спалување“ се заменува со зборовите: “горење или согорување“.

Член 24

Членот 112 се брише.

Член 25

Насловот пред и членот 122 се менуваат и гласат:

„Надоместок за постапување со отпад

Произведувачот и/или увозникот кои пуштаат на пазар производи и пакувања кои на крајот на животниот циклус на производите кои ги произведуваат, односно увезуваат создаваат отпад којшто ја оптоварува животната средина, се должни да плаќаат надоместок за нивно постапување согласно со овој или друг закон."

Член 26

Во членот 127 став (1) точка 7 по зборот "отпад" се додаваат зборовите: "како и дали доставуваат податоци и ги чуваат податоците од евиденцијата и податоците од видео надзорот".

Член 27

Во членот 131 став (1) точка 3 зборовите: "за преработка на отпад" се бришат, а бројот "52" се заменува со бројот "51".

Член 28

По членот 138-б се додава нов наслов и нов член 138-в, кои гласат:

„Член 138-в

Вршење на трговија со отпад без обезбеден видео
надзор

Тој што врши трговија со неопасен отпад без обезбеден видео надзор на местото на прием на отпадот, како и на други места на локацијата или објектот преку кој ќе се забележува приемот, ракувањето и чувањето на отпадот ќе се казни со казна затвор од една до две години."

Член 29

Во членот 139 став (1) точка 9 по зборот "чува" се додаваат зборовите: "и не ги доставува".

Во ставот (2) точка 11 зборот "одобрение" се заменува со зборот "согласност".

Во точката 26 по зборот "став" се додава бројот "(2) и".

Член 30

Во членот 142-а ставот (1) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, доколку:

1) остава остатоци, материјали и компоненти од искористени возила во урбани средини;".

Во ставот (2) во воведната реченица бројот "50" се заменува со бројот "60".

Точката 7 се менува и гласи:

"7) остава остатоци, материјали и компоненти од искористени возила во природата и/или на патишта;".

Точката 8 се брише.
Точката 9 станува точка 8.
Точката 10 се брише.
Точката 11 станува точка 9.
Во ставот (8) зборот "плаќање" се заменува со зборот "наплата".
Ставот (9) се менува и гласи:
„Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината на поканата за наплата на глобата од ставот (8) на овој член."
Ставовите (10), (11) и (12) се бришат.
По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:
„(10) Во прекршочна постапка да се изрече глоба зголемена до трикратен износ од износот утврден со одредбите на овој член."

Член 31

Прекршочните постапки започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според одредбите на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 71/2004, 107/2007 и 102/2008).

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".